МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА

СИНДИКАТ НА ИНДУСТРИЈА, ЕНЕРГЕТИКА И РУДАРСТВО НА МАКЕДОНИЈА
Синдикална организација при Македонска Радиотелевизија МРТ
Бр 116/2020
28.09. 2020 год.
СКОПЈЕ

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр 01-1146/16
28 09 2020 год.
СКОПЈЕ

КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
За измени и дополнувања на Колективниот договор на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година и Измената и дополнувањето на Колективниот договор број 01-4175/11 од 15.08.2019 година и број 123-2-2019 од 15.08.2019 година

Скопје, Септември 2020

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје
www.mrt.com.mk

Врз основа на член 219 и член 220 од Законот за работните односи (Службен весник на РМ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и Службен весник на РСМ 110/19), Законот за административните службеници (Службен весник на РМ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на РСМ бр.275/19 и 14/20), Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на РМ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр.143/19 и 14/20) и член 144 од Колективниот договор на МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година и Измената и дополнувањето на Колективниот договор број 01-4175/11 од 15.08.2019 година и број 123-2-2019 од 15.08.2019 година, Репрезентативниот синдикат на МРТ претставуван од Претседателот на Синдикалната организација при МРТ Слаѓана Миливојевиќ и Претседателот на Програмскиот совет на МРТ проф. Д-р Смилка Јанеска Саркањац на ден 28.09.2020 година го склучија следниот

КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР

За измени и дополнувања на Колективниот договор на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година и Измената и дополнувањето на Колективниот договор број 01-4175/11 од 15.08.2019 година и број 123-2-2019 од 15.08.2019 година

Во Колективниот договор на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година и Измената и дополнувањето на Колективниот договор број 01-4175/11 од 15.08.2019 година и број 123-2-2019 од 15.08.2019 година склучен меѓу Синдикалната организација на МРТ и Програмскиот совет на МРТ се вршат следните измени и дополнувања:

Член 1

Во член 67 став 3 се менува и гласи:

"Пресметковната вредност за коефициент 1 се утврдува во износ од 14.934.00 денари".

Во ставот 4 зборовите "јули 2019" се менуваат со зборовите "септември 2020".

Ставот 5 се менува и гласи:

"Пресметковната вредност на коефициент 1, потписниците ја усогласуваат најмалку еднаш годишно, зависно од порастот на минималната нето плата утврдена со Закон. Зголемувањето на коефициент 1 изнесува 40%,од пресметковната вредност што преставува разлика помеѓу претходно утврдениот и ново утврдениот износ на минималната нето плата. Зголемувањето во висина од 40% се врши со секоја нова промена на минималната нето плата утврдена со Закон. Доколку кумулативниот пораст на трошоците за живот надмине 3% усогласувањето се врши дополнително."

Член 2

Во член 68 се додава став 3 кој гласи:

"Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%".

Член 3

Во член 69 Стратешко ниво на работни задачи, коефициент на сложеност се додаваат:

Точка 16. Заменик директор на ЈРП МРТ	5.50
Точка 17. Директор на ЈРП МРТ	6.00

Член 4

Член 72 се брише.

Член 5

Во член 77 точка 6 се вршат следните измени и дополнувања:
Во став 2 од точка 6 после зборовите "потесно семејство" се додаваат зборовите "без оглед дали имаат иста адреса на живеење или не", а зборовите до крајот на реченицата остануваат непроменети.

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:
"Работникот при поднесување барање за надомест по основ на став 2 доставува извод од матичната книга на умрени , извод од матичната книга на родени",за брачен другар извод од матична книга на венчани,а за деца земени на издржување документ со кој се докажува истото .

Ставот 3 од точка 6 од членот 77, станува став 4.

Член 6

Во член 150 ставот 3 се менува и гласи:
"Од денот на потпишување на овие измени и дополнувања на Колективниот договор на ЈРП МРТ бр.01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година, Колективниот договор има важност од 4 години, со можност за продолжување со писмена согласност од потписниците на договорот"

Член 7

Овие измени и дополнување на КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година претставуваат составен дел на КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година.

Сите останати одредби од КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година остануваат непроменети.

Член 8

Овие измени и дополнување на КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година влегуваат во сила со денот на негово потпишување и објавување на огласна табла во ЈРП МРТ.

Измените и дополнувањата на КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР на ЈРП МРТ број 01-4175/7 од 31.07.2019 година и број 123/2019 од 31.07.2019 година се објавува на заштитена огласна табла на ЈРП МРТ.

Репрезентативен синдикат
Синдикална организација при МРТ
Претседател
Слагана Миливојевиќ

Програмски совет на МРТ
Претседател
Смилка Јанеска Саркањац